# РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА СО ВРОДЕНА ДИСПЛАЗИЈА НА КОЛКОВИ

Тамара Чавдарова 1, Проф. Данче Василева 1, д-р.спец. Мирјана Рунчева 2 , д-р.спец Елизабета Џидрова 3

1.Факултет за медицински науки-УГД-Штип

Ул. Крсте Мисирков 10-А, 2000-Штип Р. Северна Македонија

2.Приватна ортопедска клиника "Ортомедик"- Штип, Р.С.Македонија

3.Клиничка болница – Штип, Р.С.Македонија

Tamara.152116@student.ugd.edu.mk





Вовед: Дисплазија на колк претставува нарушување на нормалната анатомија на колкот при развој. При дисплазија на колкот, главата на бутната коска не е цврсто сместена во ацетабулум и лесно може да излезе, заради слабост на лигаментите. Се забележува плиток ацетабулум, ектопични јадра на епифиза и валгус на врат на фемур.

Цел: Целта на студијата е да се прикаже комплексниот терапевтски пристап кај пациенти со конгенитална дисплазија на колк и усмерување на правилен понатамошен развој на зафатениот колк.

Матријали и методи: Испитувањето вклучува пациент на 6 месечна возраст со нестабилност во колкот, претставена со ограничен опсег на движење кон надвор и набори на нозете при протегање.

Симптомите се забележани при маневрирање со колкот на пациентот, при кое произлегуваат звуци од дислокацијата. Ограничена абдукција,  накривување и разлилна должина на долни екстремитети. Изведена е нативна рентгенграфија на карлица со колк за визуелизација.

Даден е совет за носење на ординирана ортоза – Pavlik. Назначена е медикаментозна терапија со зголемување на дозата на Витамин Д.

Резултати: По примената медикаментозна терапија се набљудува подобрување на функционален статус на пациентот со олеснување и нормализирање на движењата.

Заклучок: Правилен терапевтски третман кај пациенти со конгенитална дисплазија и примена на комплексно лекување со медикаментозна терапија доведува до позитивни резултати кај нарушен функционален статус.

Клучни зборови: дисплазија, конгенитална, терапија, колк, нестабилност.